# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Ноември / Nëntor 2023



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Управниот одбор на ЗЕЛС, во средината на ноември 2023 година, ја одржа 19. седница на која беше усвоен еден од најзначајните документи за лобирање на ЗЕЛС пред централната власт - Систематизирани ставови на ЗЕЛС за 2024 година. Во него се утврдени најважните предизвици со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа и содржи предлози за нивно надминување, како и предлози за реформи во системот на локалната самоуправа и продлабочување на процесот на децентрализација на власта во земјава. На оваа седница беше дискутирано и за предлог-измените на Законот за административни службеници, а беше утврдено и започнување на подготовки за изработка на конечна предлог-верзија на закон за комунални дејности. Членовите на Управниот одбор ги разгледаа и Предлог-акцискиот план и Предлог-буџетот на ЗЕЛС за следната година, што ќе бидат изнесени на дискусија и гласање пред Генералното собрание на ЗЕЛС, закажано за 4 декември 2023 година.

Во овој месец, во Скопје, беше одржан 22. состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу нашата земја и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК), каде повторно беше изнесена иницијативата на ЗЕЛС во процесот на преговорите со ЕУ да се отвори нов посебен кластер каде ќе се оценуваат достигнувањата на нашата земја во реализацијата на развојот на децентрализацијата и реформите во системот на локалната самоуправа. При реализирањето на официјалните посети на асоцијациите во регионот, генералниот секретар на Конгресот на регионални и локални власти при Советот на Европа, Матие Мори, во просториите на ЗЕЛС имаше средба со претседателот и со потпретседателот на ЗЕЛС. Мори нагласи дека ќе се залага за продлабочување на процесот на децентрализација на власта, јакнење на финансиската стабилност на општините и јакнење на соработката на локалната и централната власт во нашата земја.

Со одржувањето на првата средба на претседателите на општинските совети од општините од Скопскиот Плански Регион, во просториите на ЗЕЛС, и официјално започнува новиот циклус состаноци што секој член на Комитетот на совети при ЗЕЛС, во соработка со стручната служба на ЗЕЛС, треба да го организира со претседателите на општинските совети од планскиот регион што тој го претставува во Комитетот. Во овој месец, дел од членовите на Комитетот на совети при ЗЕЛС, реализираа студиска посета на Република Малта и се запознаа со начинот на функционирање на нивните општински совети, како и со системот на организирање на локалната самоуправа во оваа земја. Во текот на овој месец, ЗЕЛС самостојно и во соработка со проекти од меѓународните заедници, обезбеди обуки за јакнење на општинската администрација во областа на животната средина, управувањето со комуналниот отпад, социјалната заштита и други области. За овие и други информации може да прочитате подетално во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Bordi drejtues i BNJVL-së, në mes të nëntorit 2023 mbajti seancën e nëntëmbëdhjetë në të cilën u miratua një ndër dokumentet më të rëndësishme për lobimin e BNJVL-së para pushtetit qendror – Qëndrimet e Sistematizuara të BNJVL-së për vitin 2024. Në të janë përcaktuar sfidat më të rëndësishme me të cilat ballafaqohen njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe përmbajnë propozime për tejkalimin e tyre, si dhe propozime për reformat në sistemin e vetëqeverisjes lokale dhe thellësimin e procesit të decentralizimit të pushtetit në vend. Në këtë seancë u diskutua edhe mbi propozim-ndryshimet në Ligjin për nëpunës administrativë, ndërsa u përcaktua edhe fillimi i përgatitjeve për përpilimin e propozim-versionit përfundimtar të ligjit për veprimtari komunale. Anëtarët e Bordit drejtues shqyrtuan edhe Propozim-Planin aksional dhe Propozim-Buxhetin e BNJVL-së për vitin e ardhshëm, që do të paraqiten në diskutim, ndërsa do të votohen nga anëtarët e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, të caktuar për 4 dhjetor 2023.

Në këtë muaj, në Shkup u mbajt mbledhja e njëzet e dytë e Komitetit të përbashkët konsultativ midis vendit tonë dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK), ku sërish u paraqit iniciativa e BNJVL-së në procesin e negociatave me BE-në të hapet një kllaster i ri e i veçantë, ku do të vlerësohen arritjet e vendit tonë në realizimin e zhvillimit të decentralizimit dhe reformave në sistemin e vetëqeverisjes lokale. Gjatë realizimit të vizitave zyrtare të asociacioneve në rajon, sekretari gjeneral i Kongresit të pushteteve lokale dhe rajonale në kuadër të Këshillit të Evropës, Matie Mori, në hapësirat e BNJVL-së pati takim me kryetarin dhe nënkryetarin e BNJVL-së. Mori theksoi se do të zotohet për thellësimin e procesit të decentralizimit të pushtetit, përforcimin e stabilitetit financiar të komunave dhe përforcimin e bashkëpunimit të pushtetit lokal dhe pushtetit qendror në vendin tonë.

Me mbajtjen e takimit të parë të kryetarëve të këshillave nga komunat nga Rajoni Planifikues i Shkupit, në hapësirat e BNJVL-së, edhe zyrtarisht filloi cikli i ri i mbledhjeve që çdo anëtar i Komitetit të këshillave në kuadër të BNJVL-së, duhet të organizojë kryetarët e këshillave të rajonit planifikues të cilin e përfaqëson i njëjti në Komitetin e këshillave. Në këtë muaj, një pjesë e anëtarëve të Komitetit të këshillave në kuadër të BNJVL-së, realizuan vizita studimore në Republikën e Maltës dhe u informuan me mënyrën e funksionimit të këshillave të komunave të tyre, si dhe me sistemin e organizimit të vetëqeverisjes lokale në këtë vend. Gjatë këtij muaji, BNJVL pavarësisht dhe në bashkëpunim me projektin e bashkësive ndërkombëtare, siguroi trajnime për përforcimin e administratës komunale në lëminë e mjedisit jetësor, menaxhimi me mbeturinat komunale, mbrojtja sociale dhe lëmenj tjerë. Lidhur me këto, si dhe informacione tjera, mund të lexoni më detajisht në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ЗБРАТИМЕНИТЕ ОПШТИНИ И РАЗВИВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРОЕКТИ ВО ФОКУС НА СТУДИСКАТА ПОСЕТА НА МАЛТА

За членовите на Комитетот на совети при ЗЕЛС, од 31 октомври до 4 ноември 2023 година беше организирана студиска посета на Република Малта. Учесниците имаа можност да се запознаат со организациската поставеност на локалната самоуправа во Република Малта и за начинот на функционирање на општинските совети, нивните обврски и одговорности, како и за улогата на регионите во спроведувањето активности за подобрување на животот на граѓаните. Посетата беше реализирана од канцеларијата на УНДП во Скопје, од делот на активностите што се однесуваа на вмрежување и размена на добри практики во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2“. Овој проект се спроведува во партнерство со ЗЕЛС, а со финансиска поддршка на швајцарската амбасада и на Министерството за локална самоуправа.

Учесниците имаа можност да ја посетат Асоцијацијата на локални совети на Малта и да се запознаат со нејзината улога. Односно, оваа Асоцијација обезбедува институционална поддршка на општинските совети и на градоначалниците преку застапување и лобирање, а реализира и активности за јакнење на општинските капацитети. Понатаму, во рамките на посетата беа организирани и средби со претставници од регионалните совети, со градоначалници, како и со Парламентарниот секретаријат за локална самоуправа на Малта. Учесниците на посетата разменија искуства со домаќините поврзани со надлежностите на општините, односно со системската поставеност на локалната самоуправа во двете земји и начинот на нивното финансирање. Според организациската поставеност, во Република Малта има 6 региони, 68 совети и 468 советници. Беше нагласено дека на Малта, услугите кон граѓаните сè уште се централизирани, за разлика од нашата земја каде што голем број надлежности се децентрализирани, односно префрлени на локално ниво, меѓу кои образованието, дел од социјалната заштита, собирањето на некои даноци и комунални такси и друго. Се разменија искуства и за вклучувањето на граѓаните при




## THELLËSIM I BASHKËPUNIMIT ME KOMUNAT E BINJAKËZUARA DHE ZHVILLIMI I PROJEKTEVE EVROPIANE NË FOKUS TË VIZITËS STUDIMORE NË MALTË

Për anëtarët e Komitetit të këshillave në kuadër të BNJVL-së, nga 31 tetor deri më 04 nëntor 2023, u organizua vizitë studimore në Republikën e Maltës. Pjesëmarrësit patën mundësi të informohen me pozitën organizative të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maltës dhe për mënyrën e funksionimit të këshillave komunave, obligimet e tyre dhe përgjegjësitë, si dhe mbi rolin e rajoneve në zbatimin e aktiviteteve për përmirësim të jetës së qytetarëve. Vizita u realizua në zyrën e UNDP në Shkup, nga pjesa e aktiviteteve që i referoheshin rrjetëzimit të shkëmbimit të praktikave të mira në kuadër të projektit “Përforcim i këshillave komunale – faza 2”. Projekti në fjalë zbatohet në partneritet me BNJVL-në, ndërsa me përkrahje financiare të Ambasadës Zvicerane dhe të Ministrisë për vetëqeverisje lokale.

Pjesëmarrësit patën mundësinë të vizitojnë Asociacionin e këshillave lokale të Maltës dhe të mësojnë mbi rolin e saj. Respektivisht, ky Asociacion ofron mbështetje institucionale për këshillat dhe kryetarët e komunave përmes përfaqësimit dhe lobimit, si dhe realizon aktivitete për përforcimin e kapaciteteve komunale. Më tej, në kuadër të vizitës u organizuan takime me përfaqësues nga këshillat e qarqeve, me kryetarët e komunave si dhe me Sekretariatin Parlamentar për Vetëqeverisjen Lokale të Maltës. Pjesëmarrësit e vizitës shkëmbyen përvoja me nikoqirët lidhur me kompetencat e komunave, përkatësisht me rregullimin sistematik të vetëqeverisjes lokale në të dy vendet dhe mënyrën e financimit të tyre. Sipas strukturës organizative në Republikën e Maltës janë 6 rajone, 68 këshilla dhe 468 këshilltarë.U theksua se në Maltë shërbimet ndaj qytetarëve janë ende të centralizuara, ndryshe nga vendi ynë ku një numër i madh i kompetencave janë të decentralizuara, d.m.th. transferohen në nivel lokal, duke përfshirë arsimin, pjesë e mbrojtjes sociale, mbledhjen e tatimeve dhe disa taksave komunale e të tjera. U shkëmbyen përvoja edhe për përfshirjen e qytetarëve në krijimin e





креирањето проекти, потоа за меѓуопштинската соработка на регионално ниво, се зборуваше и за начинот на одговорно и транспарентно работење на општините, како и за родовата еднаквост што е на многу основно ниво.

За време на посетата се разговараше и за можноста за продлабочување на воспоставените соработки на збратимените општини од двете земји, потоа за можноста за соработка при аплицирање и спроведување на европски проекти, за воспоставување на нови збратимувања и за размена на искуствата во различни области од локалната надлежност. Притоа, ЗЕЛС и Асоцијацијата на локални совети од Малта би обезбедиле соодветна поддршка. Во таа насока беше договорена и возвратна посета на претставници од Малта во нашата земја.

projekteve, pastaj për bashkëpunimin ndërkomunal në nivel rajonal, u fol edhe për mënyrën e funksionimit të përgjegjshëm dhe transparent të komunave, si dhe për barazinë gjinore, që është në një nivel shumë themelor.

Gjatë vizitës u diskutua edhe për mundësinë e thellësimit të bashkëpunimit të krijuar midis komunave të binjakëzuara nga të dyja vendet, pastaj për mundësinë e bashkëpunimit në aplikimin dhe realizimin e projekteve evropiane, krijimin e binjakëzimit të ri dhe shkëmbimin e përvojave në fusha të ndryshme të kompetencës lokale. Për ta bërë këtë, BNJVL dhe Asociacioni i këshillave lokale të Maltës do të ofronin mbështetje adekuate. Në këtë drejtim u ra dakord edhe për një vizitë kthyese të përfaqësuesve nga Malta në vendin tonë.

## ЛОКАЛНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ КАКО ПАТОКАЗ ДО ПОЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

За долгорочно подобрување на квалитетот на воздухот, потребен е ангажман на администрацијата на централно и на локално ниво, на малите и на големите бизнис- претпријатија, како и на сите граѓани во земјата. Законската регулатива ја креира основата за подобрување на квалитетот на воздухот и дава општи барања за намалување на емисиите во атмосферата. Според законската регулатива, општините кои припаѓаат во зоните или агломерациите каде што квалитетот на воздухот не ги исполнува националните гранични или целни вредности, треба да подготват локални планови за подобрување на квалитетот на воздухот. Плановите треба да предложат мерки на локално ниво кои ќе помогнат за подобрување на квалитетот на воздухот. Начинот на подготвувањето и содржината на плановите за квалитет на воздух се пропишани во Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија бр. 148/14). Мал број на општини во нашата земја имаат подготвено такви

## PLANET LOKALE PËR PËRMIRËSIMIN E CILËSISË SË AJRIT – SI UDHËZUES DREJT MJEDISIT JETËSOR MË TË SHËNDETSHËM NË VENDET E BALLKANIT PERËNDIMOR

Lidhur me përmirësimin e cilësisë së ajrit, nevojitet angazhim i administratës në nivel qendror dhe lokal, të ndërmarrjeve të vogla dhe të mëdha të biznesit, si dhe të të gjithë qytetarëve. Rregullativa ligjore e krijon bazën e përmirësimit të cilësisë së ajrit dhe jep kërkesa të përgjithshme për zvogëlimin e emisioneve në atmosferë. Sipas rregullativës ligjore, komunat të cilat përkasin në zonat ose aglomerat ku cilësia e ajrit nuk i plotëson kufinjtë nacionalë ose vlerat qëllimore, duhet të përpilojnë plane për përmirësimin e cilësive në nivel lokal të cilat do të ndihmojnë në përmirësimin e cilësisë së ajrit. Planet duhet të prodhojnë masa në nivel lokal të cilat do të ndihmojnë në përmirësimin e cilësisë së ajrit. Mënyra e përpilimit dhe përmbajtja e planeve për cilësi të ajrit janë shënuar në Rregulloren për përmbajtje më detajuese dhe mënyra e përpilimit të planit për përmirësim të cilësisë së ajrit ambiental. (Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.  148/14). Numër i vogël i komunave në vendin tonë patën përpiluar plane të këtilla dhe në numër të madh prej



планови и во нив голем дел од мерките се насочени кон намалување на емисиите од секторите што предизвикуваат најголемо загадување, вклучувајќи го секторот домашни ложишта, сообраќај, индустрија и производство на енергија. Оние општини, пак, во кои постои само ризик нивоата на загадувачки супстанции да надминат еден или повеќе прагови на алармирање, се обврзани да подготват нацрт-краткорочен акциски план, со цел да се намали ризикот од времетраењето на таквото надминување. Начинот на подготовка и содржината на краткорочните планови се пропишани во Правилникот за деталната содржина и начинот на подготвување на краткорочни планови за заштита на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија бр. 148/14).

## Регионална средба во рамките на програмата „Партнерство за подобрување на квалитетот на воздухот во Западен Балкан“

Со цел спроведување на поинтензивни активности во оваа насока, што ќе придонесат за подобрување на квалитетот на воздухот, не само во нашата земја туку и во целиот регион на Западен Балкан, од 7 до 9 декември 2023 година, во Охрид, беше организирана втората по ред регионална средба на претставници од локалната и од централната власт од земјите во регионот. Средбата беше организирана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA), во рамките на проектот „Партнерство за подобрување на квалитетот на воздухот во Западен Балкан“ се одржа вториот регионален состанок со земјите на Западен Балкан. Темата на состанокот беше „Улогата на единиците на локална самоуправа во управувањето со квалитетот на воздухот и комуникацијата”.

Да се развиваат стратегии за обезбедување на квалитетен воздух; да се споделуваат релевантни податоци од оваа област меѓу централната и локалната власт; да се спроведуваат активности за зголемување на јавната свест за потребата од континуиран квалитетен воздух; да се зголеми учеството на јавноста во креирањето на мерки и спроведување на активности за подобрување на воздухот; да се зајакнат институционалните капацитети на локално и на централно ниво во оваа област и слично, беа дел од препораките што беа презентирани на овој настан, а кои произлегуваат од истражување, спроведено во регионот,

tyre prej masave janë drejtuar nga zvogëlimi i emisioneve nga sektorët të cilët përbëjnë ndotjen më të madhe, përfshirë këtu edhe sektorin e amvisërive, , trafikut, industrisë dhe prodhimit të energjisë. Nga ana tjetër, ato komuna, në të cilat ekziston vetëm rreziku që nivelet e substancave ndotëse të kalojnë një ose më shumë pragje alarmi, janë të detyruara të përgatisin një propozim - plani aksional afatshkurtër, në mënyrë që të zvogëlohet rreziku i kohëzgjatjes e një tejkalimi të këtij lloji. Mënyra e përgatitjes dhe përmbajtja e planeve afatshkurtra janë të përcaktuara në Rregulloren për përmbajtjen detajuese dhe mënyrën e përpilimit të planeve afatshkurtër për mbrojtjen e ajrit ambiental (Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 148/14).

## Takime rajonale në kuadër të programit “Partneritet për përmirësimin e cilësisë së ajrit në Ballkanin Perëndimor “

Me qëllim të realizimit të aktiviteteve më intensive në këtë drejtim, të cilat do të kontribuojnë në përmirësimin e cilësisë së ajrit, jo vetëm në vendin tonë, por edhe në mbarë rajonin e Ballkanit Perëndimor, nga data 7 deri më 9 dhjetor 2023, në Ohër u organizua takim rajonal i dytë me radhë i përfaqësuesve të pushtetit lokal dhe qendror nga vendet e rajonit. Takimi u organizua nga Agjencia Suedeze për Mbrojtjen e Mjedisit, në bashkëpunim me UNICEF dhe Institutin Meteorologjik dhe Hidrologjik Suedez, në kuadër të programit “Partneriteti për përmirësimin e cilësisë së ajrit në Ballkanin Perëndimor”.

Në mënyrë që të zhvillohen strategji për sigurimin e ajrit cilësor; të shkëmbehen të dhënat përkatëse nga kjo zonë ndërmjet pushtetit qendror dhe atij lokal; të zbatohen aktivitete për rritjen e ndërgjegjësimit të publikut për nevojën për ajër të vazhdueshëm cilësor; të rritet pjesëmarrja e publikut në krijimin e masave dhe zbatimin e aktiviteteve për përmirësimin e ajrit; të përforcohen kapacitetet institucionale në nivel lokal dhe qendror në këtë fushë etj., ishin pjesë e rekomandimeve që u prezantuan në këtë aktivitet, të cilat burojnë nga kërkimet e kryera në rajon nga

од страна на НАЛАС. Негативното влијание на загадениот воздух го чувствуваат сите жители, но особено беше нагласен негативниот ефект врз помладата популација, односно децата, па и младите. Затоа беше истакнато дека при креирањето на локалните политики и подготовките на локалните планови за подобрување на квалитетот на воздухот на локално ниво, задолжително внимание треба да се посвети на оваа, особено ранлива категорија на граѓани.

И претставниците од Министерството за животна средина и просторно планирање од нашата земја (ЖСПП) изнесоа дел од активностите и мерките што тие ги спроведуваат, каде особено беше потенцирана поддршката што им ја даваат на локалните власти за развивање на локалниот план за подобрување на квалитетот на воздухот. Ваков план имаат изработено општините: Битола, Тетово, како и Град Скопје, а претставниците од Општина Струмица и конкретно ги презентираа мерките што тие ги предвиделе во својот План за подобрување на квалитетот на воздухот. Посебно се задржаа на придобивките што веќе ги обезбедиле преку спроведувањето на гасификацијата на општината, а говореа и за идните планови, каде беше посочена планираната набавка на десет електрични автобуси.

**Развивање на свеста дека сечие индивидуално ангажирање може да придонесе за поквалитетен воздух**

На средбата стана збор и за развивање на свеста кај граѓаните за придонесот што секој поединец може да го даде кон подобрување на квалитетот на воздухот. Подготвена е кампања за подигнување на свеста на граѓаните „Дишеме заедно“ со цел да се обезбедат информации за можностите за придонес на граѓаните во подобрување на квалитетот на воздухот во секојдневното живеење и дејствување. Повеќе информации за кампањата на следниот линк: https://www.facebook.com/dishemezaedno. Беше нагласено дека граѓаните можат да го подобрат квалитетот на воздухот доколку избегнуваат горење на биомаса и јаглен за затоплување на домовите; доколку горењето на биомаса е неопходно, да се користи само суво, чисто и нетретирано дрво, а печките соодветно да се одржуваат; да се води грижа за обезбедување на соодветна топлинска изолација на домовите и користење на енергетски ефикасни уреди; да се ограничи користењето на приватни возила со споделување на возилата, односно повеќе користење на јавен превоз, пешачење и користење на велосипед, да не се гори никаков отпаден материјал во ложиштата или на отворено и друго.

NALAS. Ndikimin negativ i ajrit të ndotur e ndjejnë të gjithë banorët, por posaçërisht u theksua efekti negativ në popullatën e re, pra fëmijët dhe të rinjtë. Prandaj, u theksua se gjatë krijimit të politikave lokale dhe përgatitjes së planeve lokale për përmirësimin e cilësisë së ajrit në nivel lokal, vëmendje e detyrueshme duhet t'i kushtohet kësaj kategorie veçanërisht të cenueshme të qytetarëve.

Edhe përfaqësuesit e nga Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor nga vendi jonë (MMJPH) prezantuan disa nga aktivitetet dhe masat që i zbatojnë, ku u theksua veçanërisht mbështetja që u japin pushteteve lokale për hartimin e planit lokal për përmirësimin e cilësisë së ajrit. Një plan të tillë e kanë përgatitur komunat: Manastir, Tetovë, si dhe Qyteti i Shkupit, ndërsa përfaqësuesit nga Komuna e Strumicës kanë prezantuar konkretisht masat që i kanë paraparë në planin e tyre për përmirësimin e cilësisë së ajrit. Ata veçanërisht u ndalën në përfitimet që tashmë kanë dhënë përmes realizimit të gazifikimit të komunës, si dhe folën për planet e ardhshme, ku u tregua edhe blerja e planifikuar e dhjetë autobusëve elektrikë.

**Ndërgjegjësimi se kontributi individual i çdokujt mund të rezultojë për ajër më cilësor**

Në takim u diskutua edhe për rritjen e ndërgjegjësimit të qytetarëve për kontributin që çdo individ mund të japë në përmirësimin e cilësisë së ajrit. Është përgatitur një fushatë për ndërgjegjësimin e qytetarëve “Marrim frymë së bashku” me qëllim të informimit për mundësitë e kontributit të qytetarëve në përmirësimin e cilësisë së ajrit në jetën dhe aktivitetet e përditshme. Më shumë informacione për fushatën në fjalë në këtë link: https://www.facebook.com/dishemezaedno. U theksua se qytetarët mund të përmirësojnë cilësinë e ajrit përderisa: e anashkalojnë djegien e biomasës dhe qymyrit për ngrohjen e shtëpive; përderisa djegia e biomasës është e domosdoshme, të shfrytëzohet vetëm druri i thatë, i pastër dhe i papërpunuar, ndërsa koftorët të mirëmbahen në mënyrë adekuate; të mbahet llogari për sigurimin e izolimit adekuat për ngrohjen e shtëpive dhe shfrytëzimi i aparateve efikase energjetike; të kufizohet shfrytëzimi i automjeteve private me automjete për shpërndarje; respektivisht më tepër të shfrytëzohet transporti publik; këmbësoria dhe shfrytëzimi i biçikletave, të mos digjet asnjë lloj materiali në vatrat ose në hapësirë të hapur etj.






## БИТОЛА, ПРИЛЕП, НОВАЦИ, ОХРИД, КИЧЕВО И ПЛАСНИЦА ГИ ФИНАЛИЗИРААТ ЛОКАЛНИТЕ АКЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Претставници од шест пилот-општини од Пелагонискиот и од Југозападниот Регион: Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница, вклучени во проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ учествуваа на работилница за подготовка на локални акциски планови за управување со отпад, што се одржа на 9 и 10 ноември 2023 година, во Охрид. Како една од серијата работилници, пилот-општините, чекор по чекор, го развиваат акцискиот план со сите елементи, утврдени активности, индикатори и можности за регионална и меѓуопштинска соработка. Овојпат, на работилницата во Охрид, општините ги утврдуваа алатките за влијанието на активностите врз локалната заедница, односно промените што тие би ги направиле доколку се спроведат, следење на постигнатите резултати, како и утврдување на родовата димензија нив.

### Поврзување на родовата перспектива и управувањето со отпад

На работилницата, ЗЕЛС даде придонес во појаснување на врската меѓу управувањето со отпад и родовата перспектива. Управувањето со отпадот е активност зависна од човековото однесување и социоекономските фактори и оттука не може да биде родово неутрално. Почесто, политиките за управување со отпад се родово слепи бидејќи не ги земаат предвид различните гледишта за тоа што претставува отпад, различните навики во создавањето на отпадот и депонирањето на отпадот и различните потреби кои се однесуваат на управувањето со отпадот воопшто.

Интегрирањето на родовата перспектива во планирањето, спроведувањето и следењето на проектите за управување со отпад е неопходност за да се обезбедат подобри услуги за сите граѓани. Ова вклучува родова специфична анализа за тоа како се вреднува и користи достапниот отпад, и ресурсите, и како спецификите на процесот би можеле да се подобрат и за жените и за мажите. Во тој контекст, собирањето податоци поделени според полот и водењето статистика за родовиот отпад е важна и корисна алатка која овозможува информирано планирање и донесување одлуки, како и подобрување на директното обезбедување на услуги.

Важната влезна точка за вклучување на родовите аспекти во управувањето со отпадот е планирањето и усвојувањето на политики, стратегии и планови. Консултациите и анализата на податоците пред воведувањето на нови политики, процедури и

## MANASTIRI, PRILEPI, NOVACI, OHRI, KËRÇOVA DHE PLLASNICA I FINALIZOJNË PLANET AKSIONALE LOKALE LIDHUR ME MENAXHIMIN ME MBETURINAT

Përfaqësues nga gjashtë pilot-komunat nga Rajoni i Pellagonisë dhe nga Rajoni Jugperëndimor, të përfshira në projektin „Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal” morrën pjesë në punëtorinë për përgatitjen e planeve aksionale për menaxhim me mbeturinat. Si një ndër seritë e punëtorive, pilot komunat, hap pas hapi zhvillojnë planin aksional me të gjitha elementet, aktivitetet e përcaktuara, indikatorët dhe mundësitë për bashkëpunim rajonal dhe ndërkomunal. Kësaj radhe, në punëtorinë e Ohrit, komunat i përcaktojnë veglat për impakt të aktiviteteve mbi bashkësinë lokale, respektivisht ndryshimet që të njëjtat do t’i bënin përderisa zbatohen, monitorim i rezultateve të arritura, si dhe përcaktim i dimensionit gjinor në të njëjtat.

### Ndërlidhja e perspektivës gjinore dhe menaxhimi me mbeturinat

Në punëtori BNJVL kontribuoi në qartësimin e raportit ndërmjet menaxhimit të mbeturinave dhe perspektivës gjinore. Menaxhimi i mbeturinave është një aktivitet që varet nga sjellja njerëzore dhe faktorët socio-ekonomikë dhe për këtë arsye nuk mund të jetë neutral në bazë gjinore. Më së shpeshti, politikat e menaxhimit të mbeturinave janë të verbëra në aspektin gjinor, sepse ato nuk marrin parasysh pikëpamjet e ndryshme të asaj çka parqet mbeturinë, shprehitë e ndryshme të gjenerimit dhe depozitimit të mbetjeve dhe nevojave të ndryshme që lidhen me menaxhimin e mbeturinave në përgjithësi.

Integrimi i perspektivës gjinore në planifikimin, zbatimin dhe monitorimin e projekteve të menaxhimit të mbeturinave është një domosdoshmëri për të siguruar shërbime më të mira për të gjithë qytetarët. I njëjti përfshin një analizë specifike gjinore se si vlerësohen dhe përdoren mbeturinat dhe burimet e disponueshme dhe se si mund të përmirësohen specifikat e procesit si për femrat ashtu edhe për meshkujt. Në këtë kontekst, mbledhja e të dhënave të ndara sipas gjinisë dhe mbajtja e statistikave për mbetjet me bazë gjinore është një mjet i rëndësishëm dhe i dobishëm që mundëson planifikim dhe vendimmarrje të informuar, si dhe përmirësimin e ofrimit të drejtpërdrejtë të shërbimeve.

Pika kryesore hyrëse për integrimin gjinor në menaxhimin e mbetjeve është planifikimi dhe miratimi i politikave, strategjive dhe planeve. Konsultimet dhe analiza e të dhënave përpara prezantimit të politikave, procedurave





технологии и еднаква застапеност на жените и мажите во овие консултации, се од суштинско значење. Најефективната опција е да се воведе родова перспектива во изготвувањето на плановите и политиките, бидејќи тоа дава најголем простор за ваков вид интервенција.

**Неопходни се кампањи и активности за подигање на свеста за родово чувствителните аспекти на управувањето со отпадот**

Првите фази на циклусот за управување со отпад, т.е. создавањето и постапувањето со отпад, исто така, обезбедуваат влезни точки за вклучување на родовата перспектива и треба внимателно да се анализираат и инклузивно да се планираат. Неопходни се кампањи и активности за подигање на свеста во рамките на управувањето со цврстиот отпад (селекција, рециклирање, депонирање на отпад, итн.), кои треба да се однесуваат на специфичните родово чувствителни аспекти на управувањето со отпадот.

Жените се вклучени во процесот на собирање отпад обично во трудоинтензивни, многу често најниско платени (формални или неформални) улоги. Важно е ова да се земе предвид при формализирање на активностите за отпад.

Важно е да се поттикнат жените да се движат погоре во хиерархијата на управување со отпад, не само во постапувањето со отпадот, туку и во структурите за управување на локалните власти, јавните комунални претпријатија и воопшто, кога станува збор за деловните можности за отпад. Треба да се консултираат жените и другите социјални групи кога се рекултивираат затворените депонии и ѓубришта.

Пилот-општини вклучени во изработка на локални акциски планови за управување со отпад се: Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница (од Југозападниот и Пелагонискиот Регион) што во следните четири години ќе учествуваат во имплементација на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво". Овие општини во јуни, оваа година, потпишаа меморандуми за соработка со партнерите на проектот: ЗЕЛС, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, како и со САЛАР Интернационал (дел од Шведската асоцијација за локални и регионални власти САЛАР). Проектот е финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој СИДА. По потпишувањето на меморандумите, започнат е и процесот на имплементација на проектот на локално ниво.

dhe teknologjive të reja dhe përfaqësimi i barabartë i femrave dhe meshkujve në këto konsultime janë thelbësore. Opsioni më efektiv është themelimi perspektivës gjinore në hartimin e planeve dhe politikave sepse i jep hapësirën më të madhe për këtë lloj ndërhyrjeje.

**Të domosdoshme janë fushatat dhe aktivitetet për ndërgjegjësim lidhur me aspektet e ndejshme gjinore të menaxhimit me mbeturinat**

Fazat e para të ciklit të menaxhimit të mbeturinave, dmth. Prodhimi dhe menaxhimi i mbeturinave sigurojnë gjithashtu pika hyrëse për integrimin gjinor dhe duhet të analizohen me kujdes dhe të planifikohen në mënyrë gjithëpërfshirëse. Janë të nevojshme fushata dhe aktivitete ndërgjegjësuese në kuadër të menaxhimit të mbeturinave të ngurta (përzgjedhja, riciklimi, depozitimi i mbetjeve, etj.), të cilat duhet të trajtojnë aspektet specifike të ndjeshme gjinore të menaxhimit të mbeturinave.

Gratë janë të përfshira në procesin e grumbullimit të mbeturinave, zakonisht në role intensive të punës, shumë shpesh ato më pak të paguara (formale ose joformale). Është e rëndësishme që kjo të merret parasysh gjatë formalizimit të aktiviteteve të mbetjeve.

Është e rëndësishme të inkurajohen femrat për t'u ngjitur lart në hierarkinë e menaxhimit të mbeturinave, jo vetëm në menaxhimin e mbeturinave, por edhe në strukturat e menaxhimit të pushteteve lokale, ndërmarrjeve publike dhe në përgjithësi kur bëhet fjalë për mundësitë e biznesit të mbeturinave. Femrat dhe grupet e tjera sociale duhet të konsultohen kur rehabilitohen deponitë e mbyllura dhe deponitë e plehrave.

Pilot-komunat e përfshira në përpilimin e planeve aksionale lokale për menaxhim me mbeturinat janë: Manastiri, Prilepi, Novaci, Ohri, Kërçova dhe Pllasnica (nga Rajoni Jugperëndimor dhe Rajoni i Pellagonisë) që në katër vitet e ardhshme do të marrin pjesë në implementimin e projektit "Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal". Këto komuna në muajin qershor, këtë vit firmosën memorandume për bashkëpunim me partnerët e projektit: BNJVL, Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, Ministria për vetëqeverisje lokale, si dhe me SALAR International (pjesë e Asociacionit të Suedisë të pushteteve lokale dhe rajonale – SALAR). Projekti financohet nga Agjencia Suedeze për bashkëpunim dhe zhvillim ndërkombëtar SIDA. Pas firmosjes së memorandumeve, ka filluar edhe procesi i implementimit të projektit në nivel lokal.

## ЗЕЛС ЗАПОЧНУВА СО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЦИКЛУС ОД ОСУМ РЕГИОНАЛНИ СОСТАНОЦИ СО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ОД СИТЕ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ

Претседателите на советите на општините од Скопскиот Плански Регион, на 10 ноември 2023 година, одржаа состанок во административната зграда на ЗЕЛС, на која присуствуваа и членови од Комитетот на советите при ЗЕЛС. Всушност, со оваа средба започнува циклусот состаноци што секој член на Комитетот на советите при ЗЕЛС, во соработка со стручната служба на ЗЕЛС, треба да ги организира со претседателите на општинските совети од планскиот регион што тој го претставува во овој Комитет. Според Статутот на ЗЕЛС, Комитетот на советите при ЗЕЛС е составен од 9 члена, односно има по еден претставник од сите 8 плански региони во земјава, а претседателот на Советот на Град Скопје, по службена должност е член во ова тело. Вакви активности со претседателите на општинските совети од секој регион, ЗЕЛС организираше и со

## BNJVL FILLOI ME ORGANIZIMIN E CIKLIT TË RI TË TETË MBLEDHJEVE RAJONALE ME KRYETARËT E KËSHILLAVE TË KOMUNAVE NGA TË GJITHA RAJONET PLANIFIKUESE

Kryetarët e këshillave të komunave nga Rajoni Planifikuesi Shkupit më 10 nëntor 2023, mbajtën mbledhje në ndërtesën administrative të BNJVL-së, në të cilën morrën pjesë edhe anëtarët e Komitetit të këshillave në kuadër të BNJVL-së. Në të vërtetë, me këtë takim filloi cikli i mbledhjeve që çdo anëtar i Komitetit të këshillave në kuadër të BNJVL-së, në bashkëpunim me shërbimin profesional të BNJVL-së duhet të organizojë me kryetarët e këshillave nga rajonet planifikuese që ai e paraqet në këtë komitet. Sipas Statutit të BNJVL-së, Komiteti i këshillave në kuadër të BNJVL-së, trup i përbërë prej 9 anëtarëve, kryetarëve të këshillave nga 8 rajoneve dhe kryetari i këshillit të Qytetit të Shkupit që me funksion është anëtar në trupin në fjalë. Aktivitetet e këtilla me kryetarët e këshillave të komunave nga çdo rajon,



советниците од претходниот мандат (2017 – 2021 година) што се покажа како добар начин на соработка и размена на меѓусебни искуства. Токму затоа ЗЕЛС продолжува со овие активности со претседателите на советите на општините од секој регион поединечно.

Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ги запозна присутните со функцијата на Комитетот на совети при ЗЕЛС. Со оглед на тоа што Комитетот има координативна функција, таа посочи на потребата од обезбедување на почеста комуникација на осумте претставници од ова тело со нивните колеги по функција, од регионот што го претставуваат. Целта е да се утврдат предизвиците со кои се соочуваат општинските советници при спроведувањето на обврските во Советот на општината. Потоа, да се изнесат идеите и иницијативите за подобрување на работата на општинските совети, да се презентираат иницијативи за подобрување на организациската поставеност на Советот на општината и иницијативи за унапредување на статусот на општинскиот советник. На овој начин ќе се подобри и соработката меѓу општинските совети од еден плански регион, ќе се разменат добри искуства и ќе може да се реализираат квалитетни проекти од регионално значење. Сите иницијативи и препораки што ќе бидат изнесени на овие средби, ќе бидат претставени на седниците на Комитетот на советите, а донесените заклучоци понатаму да бидат доставени на понатамошно разгледување од Управниот одбор на ЗЕЛС. Во таа насока беше нагласено дека секој член треба да присуствува редовно на седниците на Комитетот на советите, кои досега се организираа во просториите на ЗЕЛС.

## Изнесени заложбите за професионализација на функцијата на претседателот на општинскиот совет

Претседателот на Советот на Општина Кисела Вода, Иван Живковски, прв се залагаше ЗЕЛС повторно да ги организира регионалните средби на претседателите на општинските совети. На средбата на Скопскиот Плански Регион, тој ја истакна потребата од промени на статусот на претседателот на општинскиот совет. Односно, иницираше, по примерот на градоначалникот на општината, и претседателот на советот да биде вработен за време на четиригодишниот, а дотогашниот професионален ангажман да му биде ставен во мирување. Со оваа иницијатива се согласија и други присутни претседатели на општинските совети од Скопскиот Плански Регион (односно од општините: Гази Баба, Илинден и Ѓорче Петров) бидејќи би се придонело за попосветено извршување на одговорните и

BNJVL organizoi edhe me këshilltarët nga mandati i kaluar ( 2017-2021) që u shfaq si mënyrë e mirë e bashkëpunimit dhe shkëmbim i përvojave. Pikërisht për këtë arsye, BNJVL vazhdon edhe me këto aktivitete të këshillave me komunat nga çdo rajon individualisht.

Drejtori ekzekutiv Dushica Perishiq, i informoi të pranishmit me funksionin e Komitetit të këshillave në kuadër të BNJVL-së. Duke qenë se Komisioni ka funksion koordinues, vuri në dukje nevojën e komunikimit më të shpeshtë të përfaqësuesit të këtij organi me kryetarët e këshillave të tjerë nga rajoni që e përfaqësojnë. Qëllimi është të përcaktohen sfidat me të cilat ballafaqohen këshilltarët komunalë gjatë zbatimit të obligimeve në Këshillimin e komunës. Më pas, të prezantohen idetë dhe iniciativat për përmirësimin e punës së këshillave komunale, të paraqiten iniciativat për përmirësimin e strukturës organizative të Këshillit komunal dhe iniciativat për përmirësimin e statusit të këshilltarit komunal. Në këtë mënyrë do të përmirësohet bashkëpunimi mes këshillave komunale të një rajoni planifikues, do të shkëmbehen përvoja të mira dhe do të realizohen projekte cilësore me rëndësi rajonale. Të gjitha iniciativat dhe rekomandimet që do të prezantohen në këto takime do të prezantohen në mbledhjet e Komitetit të Këshillave, ndërsa konkluzionet e arritura do të dërgohen për shqyrtim të mëtejmë nga Bordi drejtues i BNJVL-së. Në këtë drejtim, u theksua se çdo anëtar duhet të marrë pjesë rregullisht në mbledhjet e Komitetit të këshillave, të cilat janë organizuar në hapësirat e BNJVL-së.

## U paraqitën synimet për profesionalizim të funksionit të kryetarit të Këshillit të komunës

Kryetari i Këshillit të Komunës së Kisella Vodës, Ivan Zhivkovski, është i pari që synon BNJVL të organizojë takime rajonale të kryetarëve të këshillave komunale. Në takimin e Rajonit Planifikues të Shkupit ai theksoi nevojën për zgjidhjen e statusit të kryetarit të këshillit, përkatësisht profesionalizimin e tij pas mandatit të kryetarit, pra gjatë mandatit katër vjeçar angazhimi i tyre profesional të jetë në pritje dhe jo të kryhet në paralelisht. Me këtë iniciativë u pajtuan edhe kryetarë tjerë të këshillave komunale nga Rajoni Planifikues i Shkupit, (të këshillave të pranishëm nga komunat Gazi Babë, Ilinden dhe Gjorçe Petrov) sepse do të kontribuonte në kryerjen më të përkushtuar të detyrimeve të përgjegjshme dhe të shumta që ka Kryetari

многубројни обврски што ги има претседателот на општинскиот совет. Беше нагласено дека за реализирање на оваа иницијатива, потребни се измени во Законот за локална самоуправа, кој не е променет уште од неговото донесување во 2002 година.

### Неопходно изнаоѓање на начин за воспоставување квалитетна комуникација меѓу советниците, градоначалникот и администрацијата

Според Зоран Љутков, претседател на Советот на Општина Велес и член на Комитетот на совети, може да се размислува и за вработувања на лица за поддршка на претседателот на општинскиот совет, кои би имале ист мандат како и советниците, односно да се вработуваат кабинетски службеници. Тој смета дека функцијата претседател на совет е потценета, но таа е многу одговорна и бара посветеност и дури некогаш неиздржано се „вперува со прст" кон претседателот на советот за потпишани одлуки кои се изгласани од советот. Тој и останатите присутни ја нагласија потребата за подобрување на имиџот на претседателот на советот, првенствено кај општинската администрација која многу често не им излегува во пресрет на барањата, бидејќи се под влијание на градоначалникот, како нивни работодавец. Соработката на советот со администрацијата треба да е редовна, континуирана и да не подлежи на влијанија од градоначалникот, се согласија и претседателите на советите од општините: Сопиште, Чаир, Арачиново и Зелениково. Претседателот на Советот на Град Скопје, Трајко Славески, кој, исто така, има предизвици во соработката со администрацијата на градот, даде предлог за промена на системот на избор на градоначалник и на членови на советот, со што овие функции би биле на исто ниво на рамноправност, притоа претседателот да има повеќе ингеренции, а советите да бидат покомпактни. Според него, треба да се размислува за изборен модел со отворена листа на која ќе се избираат и градоначалникот и советниците, по примерот на САД и Малта. Некои од присутните членови сметаат пак дека професионализацијата на функцијата претседател на советот нема да биде функционална, особено во помалите и рурални општини, но се согласија дека е многу важно да се изнајде соодветен начин за воспоставување на квалитетна комуникација на советниците со градоначалникот и администрацијата.

i Këshillit të Komunës. U theksua se për të realizuar këtë iniciativë nevojiten ndryshime në Ligjin për vetëqeverisje lokale, i cili nuk ka ndryshuar që nga miratimi i tij në vitin 2002.

### Gjetje e domosdoshme e mënyrës për themelimin e cilësisë së komunikimit të këshilltarëve me kryetarin e komunës dhe administratën komunale

Sipas Zoran Ljutkov, kryetar i Këshillit të Komunës së Velesit dhe anëtar i Komitetit të Këshillave, është e mundur që të mendohet të angazhohen njerëz në mbështetje të kryetarit dhe këshillit të komunës, të cilët do të kishin të njëjtin mandat si këshilltarët pra të punësojë nëpunës që kryejnë detyrë në kabinet. Ai konsideron se pozita e kryetarit të këshillit është e nënvlerësuar, por është shumë e përgjegjshme dhe kërkon përkushtim, madje ndonjëherë edhe nuk ngurohet "t'i drejtohet gishti" kryetarit të këshillit për vendimet e nënshkruara që janë votuar nga këshilli. Ai dhe të pranishmit besojnë se duhet të punohet në përmirësimin e imazhit të kryetarëve të këshillave, para së gjithash me administratën, e cila shumë shpesh nuk i plotëson kërkesat e kryetarëve të këshillave, të cilët janë nën ndikimin e kryetarit të komunës si punëdhënës i tyre. Bashkëpunimi i këshillit me administratën duhet të jetë i rregullt, i vazhdueshëm dhe të mos i nënshtrohet ndikimit të kryetarit, u pajtuan edhe kryetarët e këshillave nga komunat Sopishte, Çairi, Haraçina dhe Zelenikova. Kryetari i Këshillit të Qytetit të Shkupit, Trajko Sllaveski, i cili ka edhe sfidat e mosbashkëpunimit me administratën dhe mungesën e punëtorëve për ta përkrahur këshillin, sfidën e mosbashkëpunimit të kryetarit të komunës dhe kryetarit të këshilli. Për të tejkaluar këto probleme që prekin funksionalitetin e këshillit, Sllaveski vlerëson se është koha që të ndryshohet sistemi i zgjedhjes së kryetarit dhe këshillit në mënyrë që këto funksione të jenë në të njëjtin nivel të barazisë, kryetari të ketë më shumë kompetenca ndërsa këshillat do të ishin më kompakte. Sipas tij, duhet të mendohet për një model zgjedhor me listë të hapur në të cilën do të zgjidhen kryetari dhe këshilltarët, sipas shembullit të SHBA-së, R. së Maltës. Disa nga anëtarët e pranishëm besojnë se profesionalizimi i funksionit ë kryetarit të këshillit nuk do të jetë funksional në komunat më të vogla dhe rurale, por u dakorduan se tejet e rëndësishme është të gjejnë mënyrë adekuate për themelimin e një komunikimi cilësor të këshilltarëve të komunave me kryetarin e komunës dhe administratën.






## УСОГЛАСУВАЊЕ СО ВРЕДНОСТИТЕ И СТАНДАРДИТЕ НА ЕУ - ДЕЛ ОД ДИСКУСИИТЕ НА 22. СОСТАНОК НА ЗКК, ОДРЖАН ВО СКОПЈЕ

„Општините и граѓаните сакаат да бидат дел од европското семејство, да ги имплементираат и уживаат европските вредности и стандарди, но не сакаат нашата земја да биде членка на Унијата по секоја цена", истакна Орце Ѓорѓиевски, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Општина Кисела Вода, на отворањето на 22. состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу нашата земја и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК). Ѓорѓиевски нагласи ако се има предвид дека 70 % од европското законодавство треба да се имплементира на локално ниво, ЗЕЛС бара во процесот на преговори со ЕУ да се отвори нов посебен кластер каде што ќе се оценуваат достигнувањата на нашата земја во реализацијата на „Развој на децентрализацијата и реформите во системот на локалната самоуправа". Причината е што има стагнација во развојот на децентрализацијата на власта, а општините не се финансиски стабилни, напротив, сè повеќе се зависни од дотациите од централната власт, кои се недоволни за одржување на префрлените надлежности. Беше посочено дека ЗЕЛС пред пет години иницираше и пакет на промени за нови реформи во локалната самоуправа и промена во организациската поставеност на работењето на општините, но поради епидемијата со ковид, згаснаа и првично започнатите дијалози. Потоа, наместо поголема финансиска самоодржливост, општините добија поголеми одговорности и не добија никаква дополнителна поддршка од централната власт, ниту за време на пандемијата, уште помалку и за време на енергетската криза. Општините не добија поддршка и за реализација на иницијативата за обезбедување на електронски систем за евидентирање и наплата на данокот на имот, што е еден од најзначајните даночни извори на општините за обезбедување на сопствени финансиски приходи. Оваа иницијатива е почната од ЗЕЛС уште пред пет години. Ѓорѓиевски во своето излагање нагласи дека за општините од значителна важност се и финансиските инструменти на ЕУ за јакнење на локалните административни капацитети, подобрување на инфраструктурата и поддршка во реформите што би довело до усогласување со вредностите и стандардите на ЕУ, а со тоа и подобрување на квалитетот на

## HARMONIZIM ME VLERAT DHE STANDARDET E BE-SË – PJESË E DISKUTIMIT NË MBLEDHJEN E NJËZET E DYTË TË KPK, TË MBAJTUR NË SHKUP

“Komunat dhe qytetarët dëshirojnë të jenë pjesë e familjes evropiane, t'i implementojnë dhe kënaqin vlerat dhe standardet evropiane, por nuk dëshirojnë të jenë anëtare e BE-së me çdo kusht”, theksoi Orce Gjorgjievski, kryetar i BNJVL-së dhe kryetar i komunës Kisella Voda, në hapjen e Komitetin të Përbashkët Konsultativ midis vendit tonë dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK). Gjorgjievski theksoi se duke pasur parasysh se 70% e legjislacionit evropian duhet të zbatohet në nivel lokal, BNJVL kërkon që në procesin e negociatave me BE-në të hapet një klaster i ri i veçantë ku janë të arriturat e vendit tonë në realizimin e "Zhvillimit të decentralizimit dhe reformave në sistemin e vetëqeverisjes lokale". Arsyeja është se ka ngecje në zhvillimin e decentralizimit të pushtetit, ndërsa komunat nuk janë financiarisht stabile, përkundrazi, varen gjithnjë e më shumë nga subvencionet e pushtetit qendror, të cilat janë të pamjaftueshme për të mbajtur kompetencat e transferuara. U theksua se para pesë vitesh BNJVL ka iniciuar një paketë ndryshimesh për reforma të reja në vetëqeverisjen lokale dhe ndryshim të strukturës organizative të punës së komunave, por për shkak të epidemisë së COVID-19 u shuan edhe dialogët e fillimit të iniciuara. Më pas, në vend të vetëqëndrueshmërisë më të madhe financiare, komunat morën përgjegjësi më të mëdha dhe nuk morën asnjë mbështetje shtesë nga pushteti qendror, as gjatë pandemisë, aq më pak gjatë krizës energjetike. Komunat nuk kanë marrë mbështetje për zbatimin e iniciativës për sigurimin e sistemit elektronik të regjistrimit dhe mbledhjes së tatimit në pronë, i cili është një nga burimet më të rëndësishme tatimore për komunat për të siguruar të ardhurat e tyre financiare. Kjo iniciativë është nisur nga BNJVL para pesë viteve. Gjorgjievski, në fjalimin e tij, theksoi se për komunat tejet të rëndësishme janë edhe instrumentet financiare të BE-së lidhur me kapacitetet e administratës lokale, përmirësimi i infrastrukturës dhe përkrahja në reformat që do të çonte drejt harmonizimit me vlerat dhe standardeve e BE-së, ndërsa me këtë edhe përmirësimi i cilësisë së shërbimeve

услуги кон граѓаните. На крајот од своето излагање, Ѓорѓиевски уште еднаш упати апел до делегатите на ЗКК од Комитетот на региони да се заложат за отворање ново поглавје во процесот на преговори на нашата земја со ЕУ, а кое ќе биде исклучиво посветено на оценување на напредокот на децентрализацијата во нашата земја.

За важноста на поддршката од Европската Унија во реализација на проектите за развој на општините говореше и Ристо Пенов, министер за локална самоуправа. Тој посочи дека е потребно да се увидат напорите за унапредување на системот на локална самоуправа и интегрирање на стандардите на ЕУ за рамномерен и одржлив социоекономски развој, како и резултатите и предизвиците произлезени од скринингот на ЕУ за напредокот на државата. „Највисок приоритет на Владата е преговорите со ЕУ да продолжат со отворање на поглавјата и да се обезбеди континуитет во реформите“, рече Пенов.

Данела Арсовска, градоначалничка на Град Скопје, и Јасна Габриќ, член на Собранието на Општина Трбовље, Словенија, а кои се копретседавачи на ЗКК, посочија дека преку ова тело се обезбедува и можноста за размена на информации, како и да се направи преглед на досега постигнатиот напредок на локално ниво во контекст на евроинтеграциските процеси на нашата земја. „Треба да се говори за добрите практики и позитивни примери, и да се одреди фокусот на работа во наредниот период со цел општините да бидат поподготвени“, истакна Арсовска. Габриќ го сподели впечатокот за напредокот на земјата преку личното искуство од збратимување на Општина Трбовље со Општина Валандово, каде што гледа дека се спроведуваат европските стандарди, а локалните власти длабоко се навлезени во спроведувањето проекти од областа на културата, социјалната заштита и поддршка на младите.

Бен Нупну, заменик-шеф на Делегацијата на ЕУ, најави дека наскоро се очекува да биде објавен Извештајот на Европската комисија за напредокот на реформите, и го истакна скрининг процесот што е во тек, а се задржа и на поддршката за општините што се обезбедува преку разни инструменти на Европската Унија. За заложбите на Комитетот на региони, во процесот на проширување и важноста од навремено, квалитетно спроведување на потребните реформи на земјите кандидати говореше Ана Маѓар, известител за проширување на Комитетот на региони. Хрватското искуство во процесот на пристапување во ЕУ го сподели Јошко Клисовиќ, член на Комитет на региони и претседавач на Собранието на Загреб, поранешен заменик-министер и советник за надворешни работи на претседателот на Хрватска.

**Улогата на локалните заедници во борбата против говорот на омраза, злосторствата од омраза, лажните вести и дискриминацијата - втора тема на седницата на ЗКК**

Во рамките на темата за владеење на правото и улогата на локалните заедници во борбата против говорот на омраза, злосторствата од омраза, лажните вести и дискриминацијата, се споделија искуства од повеќе делегати во справувањето со говорот на омраза и повикаа на санкционирање согласно со расположливата регулатива и изнаоѓање решенија за нивно спречување, но како што истакнаа експертите, треба точно да се знае каде почнува правото на говор, а кога се преминува во говор на омраза. За ова говореа Петра Балажиќ, од Центарот за европска перспектива, Словенија, Симеон Дукиќ, од Мрежата на силни градови и Филип Стојановски, директор на „Метаморфозис“, компанија за проверка на факти.

Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) претставуван преку европскиот Комитет на региони, го сочинуваат вкупно 22 делегати, односно по 11 делегати од нашата земја и Европската Унија, од редот на градоначалници и советници. ЗКК се одржува двапати годишно, еднаш во Брисел и вториот во Скопје, чиј домаќин е ЗЕЛС.














ndaj qytetarëve, në fund të fjalimit të tij, Gjorgjievski edhe njëherë u apeloi delegatëve të KPK-së nga Komiteti i rajoneve të përpiqen lidhur me hapjen e një kapitulli të ri në procesin e negociatave të vendit tonë me BE-në, ndërsa që do të jetë detyrimisht e përkushtuar në vlerësimin e avancimit të decentralizimit në vendin tonë.

Për rëndësinë e përkrahjes nga Bashkimi Evropian në realizimin e projekteve zhvillimore komunale, ka folur edhe Risto Penov, ministër për Vetëqeverisjes Lokale. Ai theksoi se duhet të shihen përpjekjet për përmirësimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale dhe integrimin e standardeve të BE-së për zhvillim të balancuar dhe të qëndrueshëm socio-ekonomik, si dhe rezultatet dhe sfidat që dalin nga shqyrtimi i BE-së për progresin e shtetit. “Prioriteti më i lartë i Qeverisë është vazhdimi i negociatave me BE-në duke hapur kapitujt dhe të sigurohet vazhdimësisë të reformave”, tha Penov.

Danella Arsovska, kryetare e Qytetit të Shkupit dhe Jasna Gabriq, deputete e Komunës së Tërbovlje, Slloveni, të cilët janë bashkëkryetarë të KPK-së, theksuan se përmes këtij organi ofrohet edhe mundësia e shkëmbimit të informatave si për të rishikuar progresin e arritur në nivel lokal në kuadrin e proceseve integruese evropiane të vendit tonë. “Duhet të flitet për praktika të mira dhe shembuj pozitivë dhe të përcaktohet fokusi i punës në periudhën e ardhshme, në mënyrë që komunat të jenë më të përgatitura”, tha Arsovska. Gabriq ndau përshtypjen e tij për përparimin e vendit përmes përvojës së saj personale nga binjakëzimi i Komunës së Trbovljes me Komunën e Vallandovës, ku sheh se standardet evropiane janë zbatuar dhe pushtetet lokale janë thellësisht të përfshira në zbatimin e projekteve në fushën e kulturës, mbrojtjen sociale dhe mbështetjen e të rinjve.





Ben Nupnu, zëvendës-shef i Delegacionit të BE-së, informoi se së shpejti pritet të publikohet Raporti i Komisionit Evropian për progresin e reformave dhe theksoi procesin e vazhdueshëm të shqyrtimit, si dhe u fokusua në mbështetjen për komunat e ofruara përmes instrumenteve të ndryshme të Bashkimi Evropian. Ana Magjar, raportuese për zgjerimin e Komitetit të Rajoneve, diskutoi mbi angazhimet e Komitetit të Rajoneve në procesin e zgjerimit dhe rëndësinë e zbatimit në kohë dhe me cilësi të lartë të reformave të nevojshme të vendeve kandidate. Përvoja kroate në procesin e anëtarësimit në BE-së u nda nga Joshko Klisoviq, anëtar i Komitetit të Rajoneve dhe kryetar i Kuvendit të Zagrebit, ish-zëvendësministër dhe këshilltar për punët e jashtme të kryetarit të Kroacisë.

**Roli i bashkësive lokale në luftën kundër gjuhës së urrejtjes, krimet në bazë të urrejtjes, lajmet e pavërteta dhe diskriminimi – temë e dytë në seancën e KPK-së**

Në kuadër të temës së sundimit të ligjit dhe rolit të bashkësive lokale në luftën kundër gjuhës së urrejtjes, krimeve të bëra në bazë të urrejtjes, lajmeve të pavërteta dhe diskriminimi, u shkëmbyen përvoja nga disa delegatë në trajtimin e gjuhës së urrejtjes dhe ata kërkuan sanksione në përputhje me disponueshmërinë, rregullimin dhe gjetjen e zgjidhjeve për parandalimin e tyre, por siç theksuan ekspertët, duhet ditur saktësisht se ku fillon e drejta e fjalës dhe kur shndërrohet në gjuhë të urrejtjes. Lidhur me të lartpërmendurën folën, Petra Ballazhiq, nga Qendra për perspektivë evropiane, Slloveni, Simeon Dukiq, nga Rrjeti i qyteteve të fuqishme dhe Filim Stojanovski, drejtor i “Metamorfozis”, kompani për kontrollin e fakteve.




Komiteti i përbashkët konsultativ (KPK) i përfaqësuar përmes Komitetit të rajoneve, e përbëjnë gjithsej 22 delegatë, respektivisht nga 11 delegatë nga vendi jonë dhe Bashkimi Evropian, nga radhët e kryetarëve të komunave dhe këshilltarëve. KPK mbahet dy herë në vit, një herë në Bruksel dhe pastaj në Shkup, ndërsa nikoqir i kësaj ngjarje është BNJVL.

## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА 19. СЕДНИЦА

Деветнаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС се одржа на 15 ноември 2023 година, во административната зграда на Општина Крива Паланка. Присутните му се заблагодарија на градоначалникот Сашо Митовски за поканата и поддршката на иницијативата дел од седниците на ова тело да се одржуваат и во други општини, не само во просториите на ЗЕЛС. На оваа седница членовите на Управниот одбор ги усвоија Систематизираните ставови на ЗЕЛС за 2024 година, разгледуваа неколку интерни документи на ЗЕЛС, дискутираа по Предлог-законот за административни службеници, а се заложија и за реализирање на иницијативата на ЗЕЛС за изработка на предлог-закон за комунална полиција.

### Усвоен документот Систематизирани ставови на ЗЕЛС за 2024 година

ЗЕЛС, на годишно ниво, ги утврдува сите предизвици со кои се соочуваат општините при спроведувањето на нивните надлежности и утврдува иницијативи и предлози за подобрување и унапредување на системот на локалната самоуправа и на процесот на децентрализација на власта, со утврдување на Систематизираните ставови на ЗЕЛС. Станува збор за најзначајниот документ на ЗЕЛС кој претставува основа на утврдените политики што ЗЕЛС ги презентира пред Владата и ресорните министерства и лобира за нивно решавање. Предлог-текстот беше доставен на разгледување до сите општини од кои беше побарано да достават свои забелешки за него. Систематизираните ставови опфаќаат продлабочување на процесот на децентрализација каде што ЗЕЛС бара, во соработка со Владата, да се изготви стратегија за развој на системот на локалната самоуправа за следните 4 години во кои ќе се опфатат сите новини, воведување на техничко-технолошки методи во спроведувањето на надлежностите на локалната самоуправа, а со која ќе се утврди насоката на развој на системот на локална самоуправа во иднина. Во тие рамки е и обезбедување на закон за комунална полиција. За обезбедувањето финансиска стабилност на општините и натаму останува заложбата општините да добиваат најмалку 10 % од данокот на додадена

## BORDIT DREJTUES I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E NËNTËMBËDHJETË

Seanca e nëntëmbëdhjetë e Bordit drejtues të BNJVL-së u mbajt më 15 nëntor 2023, në ndërtesën administrative të komunës së Kriva Pallankës. Të pranishmit i shprehën falënderime kryetarit Sasho Mitkovski për ftesën dhe përkrahjen e iniciativës një pjesë e seancave të këtij trupi të mbahen edhe në komuna tjera, jo vetëm në hapësirat e BNJVL-së. Në këtë seancë anëtarët e Bordit drejtues miratuan Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së për vitin 2024, shqyrtuan disa dokumente interne të BNJVL-së, diskutuan mbi propozim-ligjin për nëpunës administrativë, ndërsa u zotuan edhe për realizimin e iniciativës së BNJVL-së për përpilimin e propozim-ligjit të policisë komunale.

### U miratua dokumenti Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së për vitin 2024

BNJVL në nivel vjetor, përcakton të gjitha sfidat me të cilat ballafaqohen komunat në kuadër të zbatimit të kompetencave të tyre dhe përcakton iniciativa dhe propozime për përmirësimin dhe avancimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale dhe të procesit të decentralizimit të pushtetit, me përcaktimin e Qëndrimeve të Sistematizuara të BNJVL-së. I njëjti paraqet dokument më të rëndësishëm të BNJVL-së, i cili është baza e politikave të përcaktuara që BNJVL i'a paraqet Qeverisë dhe ministrive të linjës dhe lobon për zgjidhjen e tyre. Propozim - teksti iu dorëzua për shqyrtim të gjitha komunave, të cilave i'u kërkua të japin komentet e tyre mbi të njëjtin. Qëndrimet e sistemuara përfshijnë thellësimin e procesit të decentralizimit ku BNJVL kërkon që në bashkëpunim me Qeverinë të përgatisin strategji për zhvillimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale për 4 vitet e ardhshme, i cili do të përfshijë të gjitha inovacionet, themelimin e metodave teknike - teknologjike në zbatimin e kompetencave të vetëqeverisjes lokale, të cilat do të përcaktojnë drejtimin e zhvillimit të sistemit të vetëqeverisjes lokale në të ardhmen. Në kuadër të saj është edhe parashikimi i ligjit për policinë komunale. Lidhur me sigurimin e stabilitet financiar të komunave, mbetet angazhimi që komunat të marrin së paku 10% të tatimit mbi vlerën e shtuar dhe të paktën 50% të tatimit mbi të



вредност и најмалку 50 % од остварениот персонален данок на доход, што е поблиску до примерот на општините и регионите од Европската Унија. Во овие ставови ЗЕЛС бара да започне целосна примена на Законот за рамномерен регионален развој, односно целосна распределба на предвидените средства во висина од 1 % од бруто домашниот производ. Средствата наменети за капитални инвестиции да бидат изворни трансфери на средства со соодветна намена за општините и во услови на децентрализиран систем на управување, општините мора да имаат гарантирано право самостојно да ги утврдуваат сопствените приоритети за реализација на капиталните инвестиции. ЗЕЛС бара да се изврши измена на прописите со што ќе престане обврската за исплата на надоместоците за членовите на општинските изборни комисии, за оваа нивна обврска. Потоа ЗЕЛС бара со закон да се утврди дека податоците за запишаните сопственици на имот во јавните книги при Агенцијата за катастар на недвижности, кои се даночни обврзници, согласно со Законот за даноци, да бидат достапни за општините без надомест. Во Систематизираните ставови е утврдено и повеќегодишното барање на ЗЕЛС за обезбедување на електронски систем за прибирање и наплата на данокот на имот. Општините сметаат дека за земјоделското земјиште што се наоѓа на територијата на општините, потребно е при негова продажба да добиваат процент од средствата, што не е предвидено со актуелните прописи. Исто така, ЗЕЛС бара да се утврди форма на постојана консултација на надлежните министерства и ЗЕЛС заради надминување на практични прашања поврзани со прописите од областа на урбанистичкото планирање, градењето и управувањето со градежното земјиште. Во Систематизираните ставови, за натамошно лобирање пред централната власт, утврдени се и ставовите на ЗЕЛС за решавање на предизвиците во образованието, социјалната заштита, културата и другите области во надлежност на локалната самоуправа. Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, по дискусијата, го усвоија овој документ на ЗЕЛС.

### Управниот одбор ги усвои предлозите на Акцискиот план и на Буџетот на ЗЕЛС за 2024 година

Присутните го утврдија датумот за организирање на петтата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, 4 декември 2023 година. Во таа насока беа разгледани и усвоени Предлог-буџетот на ЗЕЛС за 2024 година и Предлог-акцискиот план на ЗЕЛС за 2024, документи во кои се утврдени конкретните активности на ЗЕЛС во следниот период и финансиските средства потребни за нивна реализација. И натаму најважната стратегиска цел на ЗЕЛС е лобирањето во интерес на продлабочување на процесот на децентрализација со обезбедување на соодветни средства за таа намена, јакнење на капацитетите на општинската администрација и безбедност на електронските системи што ги користат сите општини, како и обезбедување на нови е-системи што ќе ги користат сите општини. Целосната финансиска конструкција за реализација на овие активности е димензионирана на околу 32 000 000 денари. На седницата беше усвоена измена на Предлог-планот за измена на Планот за јавни набавки за 2023 и беше усвоен Планот за јавни набавки за 2024 година. Поради високите трошоци за одржување на постојните две возила на ЗЕЛС, беше одлучено тие да се донираат на општините кои имаат нужна потреба за возила. За таа цел, дополнително ќе се утврди листа на критериуми и со одлука на Управниот одбор ќе се одлучи на кои општини ќе им се донираат.

### Предлог-законот за административни службеници ќе ги продлабочи предизвиците со недостаток на професионален кадар во општините

Текстот на Предлог-законот за административни службеници што Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) го постави на разгледување на ЕНЕР предизвика низа реакции од единиците на локалната самоуправа,

ardhurat personale të realizuara, që është më afër shembullit të komunave dhe rajoneve të Bashkimit Evropian. Në këto qëndrime të sistematizuara BNJVL kërkon që të fillojë zbatimi i plotë i Ligjit për zhvillim të barabartë rrajonal, përkatësisht shpërndarjen e plotë të mjeteve të parapara në vlerë prej 1% nga bruto-prodhimi vendor. Mjetet e dedikuara për investime kapitale duhet të jenë transfere burimore të mjeteve me qëllim të përshtatshëm për komunat dhe në kushtet e sistemit të menaxhimit të decentralizuar, komunat duhet të kenë të drejtë të garantuar që në mënyrë të pavarur të përcaktojnë prioritetet e tyre për realizimin e investimeve kapitale. BNJVL kërkon ndryshimin e rregullores, me të cilën do të përfundojë obligimi për pagesën e kompensimeve për anëtarët e komisioneve komunale zgjedhore, lidhur me këtë obligim të tyre. Pastaj BNJVL kërkon me ligj që të përcaktojë që të dhënat për pronarët e pronave të regjistruara në librat publikë në Agjencinë për kadastrën e patundshmërive, të cilët janë tatimpagues, konform Ligjit për tatimet, t'i vihen në dispozicion komunave pa pagesë. Në Qëndrimet e Sistematizuara është përcaktuar edhe kërkesa shumëvjeçare e BNJVL-së për sigurimin e sistemit elektronik për mbledhjen dhe arkëtimin e tatimit në pronë. Komunat konsiderojnë se për tokën bujqësore që ndodhet në territorin e komunave duhet të merret një përqindje e mjeteve gjatë shitjes së saj, gjë që nuk parashikohet nga rregulloret aktuale. Gjithashtu, BNJVL kërkon që të vendoset një formë e konsultimit të përhershëm me ministritë kompetente dhe BNJVL-në, për shkak të tejkalimit të çështjeve praktike që kanë të bëjnë me dispozitat në fushën e planifikimit urbanistik, ndërtimtarisë dhe menaxhimit të tokës ndërtimore. Në Qëndrimet e sistematizuara, për lobim të mëtejmë para pushtetit qendror, janë përcaktuar edhe qëndrimet e BNJVL-së lidhur me zgjidhjen e sfidave në arsim, mbrojtje sociale, kulturë dhe fusha të tjera në kompetencë të vetëqeverisjes lokale. Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së, pas diskutimit, e miratuan këtë dokument të BNJVL-së.

### Bordi drejtues miratoi propozimet e Planit aksional dhe të Buxhetit të BNJVL-së për vitin 2024

Të pranishmit përcaktuan datën për organizimin e seancës së pestë të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, më 4 dhjetor 2023. Në këtë drejtim u shqyrtuan edhe Propozim-Buxhetin e BNJVL-së për vitin 2024 dhe Propozim - Plani aksional i BNJVL-së për vitin 2024, dokumente ku propozohen aktivitetet e planifikuara të BNJVL-së në periudhën e ardshme dhe mjetet financiare të nevojshme për realizimin e tyre. Edhe mëtej qëllimi më i rëndësishëm strategjik i BNJVL-së është lobimi në interes të thellësimit të procesit të decentralizimit me sigurimin e mjeteve adekuate për këtë qëllim, përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale dhe sigurinë e sistemeve elektronike të përdorura nga të gjitha komunat, si dhe sigurimin e e-sistemeve elektronike që do të përdoren nga të gjitha komunat. Konstruksion i tërësishëm financiar për realizimin e këtyre aktiviteteve është dimensionuar në rreth 32 000 000 denarë. Në seancë u miratua ndryshimi i Propozim-Planit për ndryshim të Planit për furnizime publike për vitin 2023, si dhe miratua Plani për furnizime publike për vitin 2024. Për shkak të shpenzimeve të larta për mirëmbajtjen e dy automjeteve që posedon aktualisht BNJVL, u vendos që të njëjtat t'u jepen si donacion komunave të cilat kanë nevojë për këto automjete. Për këtë qëllim, do të përcaktohet lista e kritereve dhe me vendim të Bordit drejtues do të vendoset cilave komuna do t'u jepet si donacion.

### Propozim-ligji për nëpunësit administrativ do t'i thellësojë sfidat me mungesën e kuadrit profesional në komunat

Teksti i Propozim-Ligjit për nëpunësit administrativ që Ministria për shoqëri informatike dhe administratë (MSHIA) e ka dorëzuar për shqyrtim nga ENER, ka shkaktuar një sërë reagimesh nga njësitë e vetëqeverisjes lokale lidhur me nene dhe dispozita të caktuara që prekin komunat. Për

поради што ЗЕЛС организираше онлајн работилница за претставниците од општините. Изнесените забелешки и предлози во сублимирана форма беа доставени до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и предлагачот на измените - МИОА. Генерална забелешка е дека со дел од измените се врши дискриминација на вработените во локалната самоуправа во однос на државната администрација, односно се воспоставува нееднаков третман на државните и локалните службеници во однос на висината на платите кои со Законот се разликуваат и до 30 % на штета на локалните административни службеници и тоа за исто звање, ист степен на образование и исти обврски. Ваквото решение веќе доведе до демотивација на администрацијата во општините, можно намалување на квалитетот на услугите, заминување на квалитетен кадар во кој општината досега има вложувано за јакнење на тие капацитети. Сето тоа ќе го продлабочи предизвикот од недостаток на професионален кадар во локалната власт, со кој се соочуваат голем број општини подолг период.

## Иницирана работна група што ќе работи на дефинирање на предлог-закон за комунална полиција

Управниот одбор го истакнува значењето од донесување на закон за комунална полиција, со оглед дека локалната самоуправа треба да има надлежности во одржувањето на редот и почитувањето на прописите со кои ќе се воспостави комуналниот ред. За оваа цел, заради утврдување на конечна верзија на текстот на предлог-законот за комунална полиција, кој потоа би бил доставен до овластен предлагач, се формираше работна група во чиј состав беа изгласани градоначалниците и претставници на општинската администрација од општините: Крива Паланка, Ѓорче Петров, Куманово, Центар, Студеничани, Охрид, Бутел, Чаир, како и претставник од Комитетот на совети на ЗЕЛС, претседателот на Советот на Град Скопје, Трајко Славески. По седницата на УО, беше доставено барање до соодветните министерства да именуваат свој член во работната група, и заедно да работат на дефинирање на предлог-законот. Станува збор за комплексна материја која уредува надлежност што ќе предизвика измени и во други прописи со кои се уредува надлежноста на локалната самоуправа и надлежноста на државните органи на управата, пред сè Министерството за внатрешни работи. Претседателот на ЗЕЛС ги информираше членовите на Управниот одбор дека е извршена прелиминарна консултација со министерот за внатрешни работи, од кого е добиена поддршка за донесување на ваков закон, а изразена е и подготвеност стручни лица од Министерството да се вклучат во подготовката. Целта на донесување на ваков пропис, кој досега не е донесен во нашето законодавство, е да се утврди правото на локалната самоуправа да изрекува мерки и да презема активности за почитување на комуналниот ред, јавната хигиена, заштитата на зеленилото, водите, јавните површини, загадувањето на воздухот и почвата, одлагање на отпадот, одржување и безбедност на настаните од локално значење, заштита на имотот и објектите во сопственост на единиците на локалната самоуправа

këtë qëllim, BNJVL organizoi punëtori online ku komunat i shprehën të gjitha komentet dhe propozimet sipas këtij ligji dhe të njëjtat u dërguan në formë të sublimuar në Sekretariatin e Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut propozuesit të ndryshimeve – MSHIA. Vërejtje e përgjithshme është se Propozim-Ligji në fjalë diskriminon punonjësit në vetëqeverisjen lokale, sipas arsimit, titujve dhe sistemit të dhënies së pikëve, në raport me administratën komunale, respektivisht vendoset tretman i pabarabartë i nëpunësve shtetërorë dhe nëpunësve lokalë, në raport me lartësinë e pagave të cilat me Ligj i dallojnë edhe deri më 30 % në dëm të nëpunësve administrativë lokalë dhe kjo flitet për titull të njëjtë, shkalla e njëjtë e arsimit dhe obligimet e njëjta. Zgjidhja e këtillë tashmë çoi drejt demotivimit të administratës komunale, ka mundësi të zvogëlimit të cilësisë së shërbimeve, shkuarjes së kuadrit cilësor në të cilin komuna deri më tani ka investuar për përforcimin e këtyre kapaciteteve. E gjithë kjo do të thellësojë sfidën lidhur me mungesën e kuadrit profesional të pushtetit lokal, me të cilën ballafaqohen një numër i madh i komunave tashmë një periudhë të gjatë.

## U iniciua grup punues që do të punojë në definimin e propozim-ligjit për policinë komunale

Bordi drejtues thekson rëndësinë e miratimit të ligjit për policinë komunale, duke konsideruar se vetëqeverisja lokale duhet të ketë kompetenca në ruajtjen e rendit dhe respektimin e dispozitave me të cilat do të vendoset rendi komunal. Për këtë qëllim, për të përcaktuar versionin përfundimtar të tekstit të propozim-ligjit për policinë komunale, i cili më pas do t'i dorëzohej propozuesit të autorizuar, u formua grupi punues në të cilin u votuan kryetarët e komunave dhe përfaqësuesit e administratës komunale nga komunat: Kriva Pallankë, Gjorçe Petrov, Kumanovë, Qendër, Studeniçan, Ohër, Butel, Çair, si dhe përfaqësues nga Komiteti i Këshillave të BNJVL-së, kryetari i Këshillit të Qytetit të Shkupit, Trajko Sllaveski. Pas seancës së Bordit drejtues, ministrive përkatëse i'u është dorëzuar kërkesa që të caktojnë anëtarët e tyre në grupin punues dhe të punojnë së bashku në përcaktimin e propozim-ligjit. Bëhet fjalë materie komplekse që rregullon kompetencën, e cila do të shkaktojë ndryshime në rregulloret tjera që rregullojnë kompetencën e vetëqeverisjes lokale dhe kompetencën e organeve të administratës shtetërore, në radhë të parë të Ministrisë së Punëve të Brendshme. Kryetari i BNJVL-së i informoi anëtarët e Bordit drejtues se është bërë konsultim preliminar me ministrin e Punëve të Brendshme, nga i cili ka marrë përkrahje për miratimin e një ligji të tillë, dhe se është gatishmëri që ekspertë të Ministrisë të përfshihen në u shpreh përgatitja. Qëllimi i miratimit të një dispozite të tillë, e cila akoma nuk është miratuar në legjislacionin tonë, është përcaktimi i së drejtës së vetëqeverisjes lokale për të vendosur masa dhe për të ndërmarrë aktivitete për respektimin e rendit komunal, higjienës publike, mbrojtjen e gjelbërimit, ujërave, sipërfaqeve publike, ndotja e ajrit dhe tokës, asgjësimi i mbetjeve, mirëmbajtja dhe siguria e ngjarjeve me rëndësi lokale, mbrojtja e pronave dhe objekteve në





и имотот и објектите на установите основани од локалната власт, како и обврските кои би произлегле од овој закон за единиците на локалната самоуправа, меѓу кои давање помош при извршување на активности на инспекциски надзор од страна на локалните инспекциски службеници и други активности кои би се утврдиле со ваков пропис.

pronësi të njësive të vetëqeverisjes vendore dhe e pronave dhe objekteve të institucioneve të ngritura nga pushteti vendor, si dhe detyrimet që rrjedhin nga ky ligj për njësitë e vetëqeverisjes lokale, duke përfshirë dhënien e ndihmës në kryerjen e punëve inspektuese nga shërbimet inspektuese lokale dhe aktivitetet tjera që do të përcaktohen me këtë dispozitë.

### Одложена дискусијата за иницирање подрастични мерки за општините што не го плаќаат долгот кон ЗЕЛС

На седницата под точка разно беше повторно отворена иницијативата за утврдување на мерки за зголемување на наплатата на членарината на општините кон ЗЕЛС. Присутните беа запознаени со прегледот на долговите на секоја општина поединечно кон ЗЕЛС по основ на членарина. Има општини кои долгот го плаќаат на рати, но има и такви кои воопшто не се трудат да најдат начин за подмирување на долгот кон ЗЕЛС, што не е фер кон оние што плаќаат редовно бидејќи сите добиваат подеднакво услуги од ЗЕЛС. Беа предложени одредени подрастични мерки за оние што не плаќаат, но Управниот одбор сепак донесе заклучок да се одложи оваа дискусија за следна седница, а стручната служба на ЗЕЛС уште еднаш да ги информира општините, секоја поединечно, за нивниот долг кон ЗЕЛС .

### Prolongohet diskutimi lidhur me inicimin e masave më drastike për komunat që nuk e paguajnë borxhin ndaj BNJVL-së

Në seancë, nën pikën të ndryshme, sërish u hap iniciativa për përcaktimin e masave për rritjen e arkëtimit të anëtarësisë të komunave ndaj BNJVL-së. Të pranishmit u informuan me kontrollin e borxheve të çdo komune, individualisht ndaj BNJVL-së, që nuk është e drejtë ndaj komunave tjera të cilat rregullisht paguajnë borxhin, pasi të gjitha marrin shërbime të barabarta nga BNJVL. U propozuan masa të caktuara më drastike për ato që nuk paguajnë, por Bordi drejtues megjithatë miratoi konkluzion të anulohet ky diskutim për vitin e ardhshëm, ndërsa shërbimi profesional i BNJVL-së edhe një herë i informoi komunat, çdonjërën në veçanti, për borxhin e tyre ndaj BNJVL-së.

## МАТИЕ МОРИ, ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА КОНГРЕСОТ НА РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ВЛАСТИ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА, ВО ПОСЕТА НА ЗЕЛС

